РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP
Бр. Nr. 10-108/8
03-02-2021 20 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје
Бр. 0504-37/1 03.02.2021 год.

# ДОГОВОР

## за јавна набавка на услуги за „Надворешна ревизија на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во делот на имплементација на ЕУ програмите „Еразмус+“ и „Европскиот корпус на солидарност“ во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020

1.**Министерство за образование и наука**, со седиште на ул.“Св. Кирил и Методиј ” бр.54, 1000 Скопје, претставувано од министерката за образование и наука **Мила Царовска**, од една страна како **Корисник на услугата** и

2.**Друштво за ревизија „ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје**, со седиште на ул.„Антон Панов” бр.1/1-10, Кисела Вода, 1000 Скопје, со ЕДБ 4030995186625, застапувано од управителот **Кирил Андоновски**, од друга страна како **Давател на услугата.**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни за вршење на услугите кои се предмет на овој Договор.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој Договор врз основа на поедноставена отворена постапка за јавна набавка на услуги која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција, согласно Одлуката за јавна набавка на Надворешна ревизија на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во делот на имплементација на ЕУ програмите „Еразмус+“ како и „Европскиот корпус на солидарност“ во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 со бр.10-14425/1 од 16.12.2020 година, Одлуката за избор на најповолна понуда бр.10-108/5 од 15.01.2021 година и Конечната понуда по завршена аукција бр.10-108/7 од 22.01.2021 година.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Предмет на овој договор за јавна набавка е набавка на услуги за „Надворешна ревизија на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во делот на имплементација на ЕУ програмите „Еразмус+“ како и „Европскиот корпус на солидарност“ во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020“, согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација за постапка која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција бр.10-14425/2 од 16.12.2020 година.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната вредност на Договорот за јавна набавка на услуги за „Надворешна ревизија на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во делот на имплементација на ЕУ програмите „Еразмус+" како и „Европскиот корпус на солидарност" во периодот од 01.01.2020 до 31.12.2020 ", изнесува 578.100,00 денари (петстотиниседумдесетиосумилјадиисто) без вклучен ДДВ, односно 682.158,00 денари (шестотиниосумдесетидвеилјадистопедесетиосум) со вклучен 18% ДДВ, кој изнесува 104.058,00 денари (стоичетириилјадипедесетиосум).

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 5**

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга во рок од 60 дена од денот на доставување на фактурата за завршена услуга во архивата на Министерството за образование и наука.

Фактурата ќе се смета за исправна доколку ги исполнува следните критериуми:

-во фактурата да е наведен архивскиот број и називот на договорот/нарачката/друг документ врз основа на кој е издадена;

-кон фактурата за услуги е приложена испратница, извештај, записник или друг документ со полно име и презиме и потпис на лицето кое Министерството за образование и наука го определило да ја следи реализацијата на договорот и

-во фактурата е наведен рокот за плаќање согласно ставот 1 на овој член.

Фактурата која не ги задоволува критериумите од ставот 2 на овој член ќе се смета за неисправна и веднаш ќе биде вратена на Давателот на услугата.

## V.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

**Член 6**

Давателот на услугата е должен предметот на овој договор да го изврши од денот на склучувањето на овој договор од двете договорни страни и најдоцна до 15 април 2021 година, (електронски до Европска комисија најдоцна до 15 март 2021 година) согласно условите предвидени во техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-14425/2 од 16.12.2020 година, на следниот начин:

**а. Мислење на независното ревизорско тело на англиски јазик, изготвено на образецот од Европската комисија.** Мислењето треба да се темели на спроведената ревизија и на годишната Изјава за менаџмент издадена од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност до 15 февруари 2021 година (National Agency Management Declaration).

**б. Анекси на Мислењето на независното ревизорско тело:** Листа на ревизорски наоди со препораки и Ревизорски извештај во кој е содржана и пополнета Листа за проверка на комплетноста на Извештајот на независното ревизорско тело, на англиски јазик. Содржината на Ревизорскиот извештај е подетално опишана во приложениот Опис и образложение на задачите што треба да ги изврши независното

ревизорско тело како и во Водичот на националните авторитети во врска со одговорностите на независното ревизорско тело на англиски јазик (Guidelines for National Authority in relation to the responsibilities of the Independent Audit Body).

**в. Независното ревизорско тело до 15 март 2021 година ќе:**
Испрати скенирана, потпишана и датирана верзија од Мислењето на независното ревизорско тело, вклучувајќи ги сите анекси, како што е Ревизорскиот извештај на функционалната e-mail адреса EAC-NAU-CONTACT@ec.europa.eu.

**г.Независното ревизорско тело до 15 април 2021 година** до архивата на Министерството за образование и наука и до Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе достави по еден оригинален примерок, на англиски јазик, од Мислењето на независното ревизорско тело и од Ревизорскиот извештај заедно со листата на наоди и препораки, како и еден примерок преведен на македонски јазик.

**д. Рокот за доставување на извештајот до Европската Комисија е 15 март, независно од датумот на потпишување на договорот од двете договорни страни.**

ѓ. Во согласност со Член 30 од правната рамка на Еразмус+ и Член 19 од правната рамка на Програмата Европскиот корпус на солидарност, Независното ревизорско тело ќе издаде мислење за Менаџерската Декларација, која годишно се издава од страна на Националната агенција до 15 февруари 2021 година и Мислењето на ревизорите треба да се испрати до ЕК најдоцна до 15 март 2021 година.
Според препораките на ЕК освен ревизијата, ревизорите треба да прават и периодично следење на препораките, односно да се провери имплементација на препораките без разлика дали се тоа препораки од страна на Европската комисија, посета за супервизија, од Судот на ревизори или пак од последното ревизорско мислење.Тие следења треба да се прават два пати последователно по Мислењето на независното ревизорско тело кое се доставува на 15 март 2021 година, и тоа најдоцна до 30 јуни 2021 година (со краток извештај од ревизорот) и потоа најдоцна до 30 септември 2021 година (повторно со извештај од ревоизорот). Во ревизијата треба да се вклучи и како се справиле НА со исклучителните ситуации што се однесуваат на КОВИД-19 (со тест проверка на 3 до 5 проекти).

## VI. ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

### Член 7

Корисникот на услугата е должен:
- да соработува со Давателот на услугата со цел предметот на договорот да се изврши навремено и квалитетно;
- да му ги достави на Давателот на услугата сите потребни податоци поврзани со извршување на договорените обврски.

Договорните страни по потпишувањето на овој Договор се должни да овластат одговорни лица за остварување на комуникација со другата договорна страна по прашања поврзани со овој Договор.

Одговорно лице за следење на реализација на Договорот кај Корисникот на услугата е Катерина Стружан Цветковска.

Одговорното лице за следење на реализација на овој договор, ќе ја следи реализацијата на Договорот согласно одредбите на овој договор за што навремено и хронолошки изготвува контролна чек - листа за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор, а ќе ги извршува особено следните работи:

- ќе следи дали договорот се реализира според барањата во Тендерската документација кон огласот за јавна набавка, според понудата на давателот на услугите и според одредбите на овој договор;
- изготвува писмена коресподенција во врска со реализација на договорот во разумен рок или во рокови предвидени со овој договор;
- ги прима и врши проверка на доставените фактури од Давателот на услугата;
- по потреба организира координативни состаноци во случај на оценка на ризик или потреба за меѓусебна кординација;
- го следи и се грижи за навремено постапување во рокови за активности според заклучоци по одржани состаноци;
- по целосна реализација на договорот, како и во случај на раскинување на договорот изготвува Извештај за реализација на договор со прилог потпишана контролна чек-листа што содржи хронолошки настани и факти за реализација на активностите и обврските од договорот и евентуално анексите на овој договор;
- води досие – предмет за реализација на овој договор и евентуалните анекси на овој договор;
- по потреба срочува службена белешка со мислење за фактичката состојба, архивски службено ја евидентира и со истото ги запознава одговорните лица кај Корисникот на услугата, како и
- врши и други работи поврзани со следење на реализација на договорот по свое видување и на барање на Корисникот на услугата.

Секое известување за раскинување, неисполнување или друго известување од правна природа што треба да го даде која било од страните на овој Договор, ќе биде дадено:

- писмено по пошта, со обезбедена потврда за испораката;
- преку курир или преку друг начин на рачна испорака за која се добива потпишана потврда за прием од одговорниот претставник.

Писмените известувања договорните страни се должни да ги испраќаат на службените адреси дефинирани горе, или на друга адреса за која соодветната договорна страна е писмено известена.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 8

Давателот на услугата е должен во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на овој договор да достави безусловна банкарска гаранција од банка која е прифатлива за корисникот на услугата во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со ДДВ, продолжена за 30 денови, како средство за обезбедување на Корисникот на услугата дека Давателот на услугата стручно, одговорно, навремено и квалитетно ќе ги реализира обврските утврдени во техничката спецификација

која е составен дел на тендерската документација за постапка која се спроведува преку ЕСЈН и завршува со е-аукција бр.10-14425/2 од 16.12.2020 година.

Гаранцијата од став 1 на овој член се доставува во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранцијата за квалитетно извршување на договорот треба да биде во валута на која гласи договорот.

**Член 9**

Корисникот на услугата се обврзува на Давателот на услугата да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на овој договор согласно договореното.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, Корисникот на услугата му ја враќа на Давателот на услугата по пошта, лично во седиштето на Корисникот на услугата или лично во седиштето на Давателот на услугата.

**Член 10**

Во случај на неисполнување на некоја од обврските од договорот во рокот на стасаноста и не извршување на услугите согласно техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација бр.10-1692/2 од 29.01.2020 година, Корисникот на услугата писмено ќе го извести Давателот на услугата дека ќе пристапи кон активирање и наплата на банкарската гаранција, од банката која ја издала.

**Член 11**

Корисникот на услугата нема да бара активирање и наплата на банкарската гаранција, доколку Давателот на услугата поради непредвидени околности (виша сила) не бил во можност да ги изврши обврските утврдени во овој договор, за што Давателот на услугата треба да достави писмено образложение до Корисникот на услугата во кое ќе ги наведе причините за неизвршената обврска, кое треба да биде прифатено од страна на Корисникот на услугата.

## VIII. КАЗНЕНИ ПЕНАЛИ И ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 12**

Доколку Давателот на услугата задоцни со извршување на предметот на набавката, Корисникот на услугата има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,5% од вкупната вредност на овој договор за секој ден задоцнување, но не повеќе од 5% од вкупната вредност на овој договор, за што се согласни и двете договорни страни.

Доколку Корисникот на услугата претрпи штета која го надминува износот на договорната казна, Давателот на услугата ќе исплати разлика до целосниот надомест на штета.

## IX. ВИША СИЛА

**Член 13**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на договорот во случај на Виша сила. Ако една од договорните страни поради Виша сила е спречена да го исполни договорот, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на Вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## X. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ И УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 14**

Договорот се смета за склучен со денот на неговото потпишување од двете договорни страни и Давателот на услугата е должен да ги изврши услугите кои се предмет на договорот до 15 март до Европска комисија и 15 април 2021 година до Министерството за образование и наука.

**Член 15**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни обврската, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинување на договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

**Член 16**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни обврската во определениот рок, другата договорна страна ќе и остави примерен дополнителен рок од три дена за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила обврската во определениот рок, не ја исполни обврската ниту во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 17**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

**Член 18**

Со раскинувањето на договорот, двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен обврската за надомест на евентуалната штета.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 19**

Во случај на спор до кој може да дојде во врска со толкувањето и извршувањето на овој договор, договорните страни ќе настојуваат спорот да го решат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи.

Ако спорот не се реши спогодбено, договорните страни за решавање на спорот го прифаќаат надлежниот суд во Скопје.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 20**

За се што не е опфатено со овој договор соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

**Член 21**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено со склучување на Анекс договор.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трето лице, без взаемна писмена согласност.

**Член 22**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за Давателот на услугата и 2 (два) примероци за Корисникот на услугата.

**КОРИСНИК НА УСЛУГАТА,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕРКА,**
**Мила Царовска**

**ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА,**
**Друштво за ревизија „ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА“ ДОО Скопје**

**Управител,**
**Кирил Андоновски**

ECOVIS® AUDIT MACEDONIA
Друштво за ревизија
ЕКОВИС АУДИТ МАКЕДОНИЈА
ДОО Скопје

Изготвил:Наташа Димовска
Прегледал:Милка Масникоса
Одобрил:Маја Бичиклиска